Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2022 година**

**Скопје, јануари 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Елена Паговска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазарот на топлинска енергија, начинот на снабдување со топлинска енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на дејности на пазарот на топлинска енергија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за постапување по заклучоците во врска со Информацијата за новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на ГАМА Гуч Системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., разгледана на 131-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазарот на топлинска енергија, начинот на снабдување со топлинска енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на дејности на пазарот на топлинска енергија, во предложениот текст.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

**1.** Владата заклучи Предлогот од Друштво за дистрибуција на топлинска енергија - Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје за времено преземање на управувањето со Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, доставено под бр.03-72, од 14 јануари 2022 година да се достави до надлежните институции за понатамошно постапување.

**2.** Владата заклучи Предлогот од Друштво за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје за времено преземање на управувањето со Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, доставено под бр.03-178, од 14 јануари 2022 година да се достави до надлежните институции за понатамошно постапување.

**3.** Владата заклучи Предлогот од Друштво за производство на топлинска енергија - Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје за времено преземање на управувањето со Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, доставено под бр.0302-24, од 14 јануари 2022 година да се достави до надлежните институции за понатамошно постапување.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по заклучоците во врска со Информацијата за новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на ГАМА Гуч Системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., разгледана на 131-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена по усвојувањето на оваа информација да испрати барање за прибирање на понуда за правно застапување на Република Северна Македонија како тужена страна во арбитражниот спор, заведен под број ICC Case Number 26696/HBH до следните меѓународни адвокатски куќи:

- WHITE&CASE, (Вајт и Кејс) реномирана глобална адвокатска фирма со седиште во Вашингтон;
- DECHERT, (Дшер) реномирана глобална адвокатска фирма со седиште во Париз, Франција;
- ORRICK HERRINGTON & SUTCLIFFE, (Орик Херингтон и Сатклиф) реномирана глобална адвокатска фирма со седиште во Сан Франциско и
- Mc. Dermott Will & Emery, (Мекдермот Вил и Емери) реномирана адвокатска фирма со седиште во САД.

2. Се задолжува претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, по добивањето на понудите, најдоцна во рок од три дена да свика нов состанок на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори на кој ќе се разгледаат понудите и ќе достави до Владата на Република Северна Македонија предлог за избор на правни застапници во наведената арбитражна постапка.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **dr. Artan Grubi** |